С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 9 година XLIV

12 август 2008

116.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за донесување на измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од централно градско подрачје-локалитет „А“-Велес

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за донесување на измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од централно градско подрачје – локалитет „А“ - Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 08.08.2008 година.

Број 08-3958/7
12.08.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 26, став 5, алинеа 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.24/08) член 22, став 1, точка1 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес (Службен гласник на Општина Велес бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 08.08.2008 година донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за донесување на измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од централно градско подрачје-локалитет “А”-Велес

Член 1

Во одлуката за донесување на измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од централно градско подрачје-локалитет “А”- Велес (Сл.гласник на Општина Велес бр.2/2002)се врши следната измена:

-Во табеларниот преглед и во графичкиот прилог на планот со технички број 939/2001 се врши усогласување на површината за градба и градежната парцела за урбан блок Б4 градежна парцела бр. 7 со парцелата и габаритот на постојниот објект за јавна намена.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-3944/7
08.08.2008 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

117.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на приоритет за рехабилитација и реконструкција на локални патишта на територијата на Општина Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на приоритет за рехабилитација и реконструкција на локални патишта на територијата на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе

на седницата одржана на 08.08.2008 година.

Број 08-3958/8
12.08.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06), а согласно глава V од Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2008 година („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.22/07),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 08.08.2008 година, донесе

ОДЛУКА
за утврдување на приоритет за рехабилитација и реконструкција на локални патишта на територијата на Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува приоритет за рехабилитација и реконструкција на локални патишта на територијата на Општина Велес, согласно Програмата за рехабилитација и реконструкција на регионалната и локалната патна мрежа во Република Македонија на Владата на Република Македонија.

Член 2

За приоритетни локални патишта и нивна рехабилитација и реконструкција се утврдуваат:

-локалниот пат Велес-Бузалково кој започнува од Ветеринарна станица па до с.Бузалково и

-локалниот пат, кој започнува од регионалниот пат „R-526“ делница Велес –Штип кај преминот преку железничката пруга место „Јазла“ преку с.Мамутчево до с.Иванковци.

Член 3

Приоритетот за рехабилитација и реконструкција на локалните патишта е според редоследот утврден во член 2 на оваа Одлука.

Советот на Општина Велес дава согласност за вака утврдениот приоритет на локалните патишта и за изготвување на основен изведбен проект за секој локален пат посебно.

Член 4

Составен дел на оваа Одлука е ревидиран основен-изведбен проект (генерален опис на проектот и негова оправданост) и техничката докуметација, кои со оваа Одлука и Решението од Градоначалникот ќе бидат предмет на аплицирање пред Фондот за магистрални и регионални патишта.

Член 5

Рехабилитација и реконструкција на локалните патишта според редоследот после аплицирањето, имплементацијата во целост ќе ја извршува Фондот за магистрални и регионални патишта.

Член 6

Градоначалникот на Општина Велес донесува решение за одобрување на проектите по приоритет.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“

Број 07-3944/8
08.08.2008 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

118.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на приоритет за изготвување на проект-систем за водоснабдување во село Сливник и негова имплементација

Се објавува Одлуката за утврдување на приоритет за изготвување на проект – систем за водоснабдување во село Сливник и негова имплементација, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 08.08.2008 година.

Број 08-3958/9
12.08.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06), а согласно глава V од Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2008 година („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.22/07),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 08.08.2008 година, донесе

ОДЛУКА
за утврдување на приоритет за изготвување на проект- систем за водоснабдување во село Сливник и негова импементација

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува приоритет за изработка на проект – систем за водоснабдување во село Сливник, согласно Програмата за „Интегриран рурален развој“ имплементирана од Здружение за одржлив развој и соработка „Алка“Скопје и негова имплементација.

Член 2

Проектот – систем за водоснабдување во село Сливник, ќе биде изработен од страна на Општина Велес и со потребната техничка документација ќе биде предмет на аплицирање пред имплементаторот„Алка“.

Член 3

Максимумот на донаторската поддршка за имплементација на овој проект е 30.000 евра со вклучен ДДВ.

Нивото на патрициПација – учество на партнерот Општина Велес во имплементација на овој проект е минимум 20 %.

Член 4

Советот на Општина Велес дава согласност за минимумот за учество на партнерот –Општина Велес.

Средствата за оваа намена ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Велес за 2008 година.

Член 5

Составен дел на оваа Одлука е основниот проект (генерален опис на проектот и образложение за негова оправданост) и техничката документација, кои со оваа Одлука ќе бидат предмет на аплицирање пред имплементаторот „Алка“.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“

Број 07-3944/9
08.08.2008 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

119.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за разрешување на претседател на Советот на Општина Велес

Се објавува Решението за разрешување на претседател на Советот на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 08.08.2008 година.

Број 08-3958/1
12.08.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), член 41од Деловникот на Советот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/07)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 08.08.2008 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување на претседател на Советот на Општина Велес

1. Од претседател на Советот на Општина Велес се разрешува:

-Трајко Бабунски, член на Советот на Општина Велес

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3944/1
08.08.2008 година
В е л е с

Најстар член на
Совет на Општина Велес
Никола Нацев с.р.

120.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за избор на претседател на Советот на Општина Велес

Се објавува Решението за избор на претседател на Советот на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 08.08.2008 година.

Број 08-3958/2
12.08.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 47, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), член 13, став 1 од Статотот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06) и член 10 Деловникот на Советот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/07)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 08.08.2008 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за избор на претседател на Советот на Општина Велес

1. За претседател на Советот на Општина Велес се избира:

-Славчо Чадиев, член на Советот на Општина Велес

2. Мандатот на претседателот на Советот на Општина Велес ќе трае до завршување на мандатот на Советот на Општина Велес, започнувајќи од 08.08.2008 година.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3944/2
08.08.2008 година
В е л е с

Најстар член на
Совет на Општина Велес
Никола Нацев с.р.

121.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за разрешување и именување на претседател и членови на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања

Се објавува Решението за разрешување и именување на претседател и членови на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 08.08.2008 година.

Број 08-3958/3
12.08.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 32, точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), член 22, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06) и член 106 Деловникот на Советот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/07)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 08.08.2008 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и именување на претседател и членови на Комисија за мандатни прашања, избори и именувања

1. Од претседател на Комисија за мандатни прашања, избори и именувања се разрешува:

-Дејан Гавазов, член на Советот

2. Од членови на Комисија за мандатни прашања, избори и именувања се разрешуваат:

-Весна Џајкова, член на Советот

-Томе Јаневски, член на Советот

3. За претседател на Комисија за мандатни прашања, избори и именувања се именува:

-Томе Јаневски член на Советот

4. За членови на Комисија за мандатни прашања, избори и именувања се именуваат:

-Александар Колев, член на Советот

-Весна Џајкова, член на Советот

5. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3944/3
08.08.2008 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

122.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес

Се објавува Решението за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 08.08.2008 година.

Број 08-3958/4
12.08.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 17, став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.38/96,06/02, 40/03 и 49/06) член 36, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статотот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 08.08.2008 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес

1. Од должноста членови на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес се разрешуваат:
1. Данка Илиева –дипл.технолог,
2. Методи Тодосов –дипл. правник,
3. Маријанка Мишева –дипл.економист,
4. Ѓорѓи Пушев –економист,
5.Владо Мурџев –дипл.машински инженер,
6.Коче Брезев –дипл.земјоделски инженер,
7.Фиданчо Цековски –дипл.градежен инженер,
8.Борис Петрески - дипл.машински инженер,
9. Драган Дамјановски –дипл.економист.

2. За членови на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес се именуваат:

1. Ѓорѓи Коџабашиев –дипл.економист,
2. Бобан Пановски-дипл.правник,
3. Елизабета Чуповска –дипл.економист,
4. Родна Ташева –дипл.економист,
5. Бојанка Мирова –дипл.правник,
6. Снежана Мечалова –дипл.социолог,
7.Фиданчо Цековски –дипл.градежен инженер,
8.Борис Петрески - дипл.машински инженер,
9.Драган Дамјановски –дипл.економист.

3.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3944/4
08.08.2008 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

123.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за разрешување и именување на членови на Одборот за контрола на материјалното и финансиско работење на ЈКП „Дервен“ Велес

Се објавува Решението за разрешување и именување на членови на Одборот за контрола на материјалното и финансиско работење на ЈКП „Дервен“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 08.08.2008 година.

Број 08-3958/5
12.08.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 17, став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.38/96,06/02, 40/03 и 49/06) член 36, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 45, од Статотот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 08.08.2008 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и именување на членови на Одборот за контрола на материјалното и финансиско работење на ЈКП „Дервен“ Велес

1. Од должноста членови на Одборот за контрола на материјалното и финансиско работење на ЈКП „Дервен“ Велес се разрешуваат:

1. Ратка Ѓорѓиева – дипл.технолог,
2. Миле Најдовски –дипл.економист,
3. Александра Петковска - дипл. економист,
4. Антонио Димов –дипл.економист,
5. Даниела Стојанова – дипл.хемиски инженер.

2. За членови на Одборот за контрола на материјалното и финансиско работење на ЈКП „Дервен“ Велес се именуваат:

1. Александар Бузалков – дипл. економист,
2. Маја Николова – дипл.економист,
3. Борче Пинев – дипл.правник,
4. Миле Најдовски – дипл економист,
5. Горан Арсов – дипл.економист,

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3944/5
08.08.2008 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

124.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за втори квартал 2008 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Квартаелен извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за втори квартал 2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 08.08.2008 година.

Број 08-3958/6
12.08.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 08.08.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за втори квартал 2008 година

1. Советот на Општина Велес го донесе Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за втори квартал 2008 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3944/6
08.08.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

125.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за не усвојување на Одлука за подигање спомен обележје „Патека на знаменити велешани“ и утврдување имиња на личности кои ќе бидат испишани на Патеката на знаменити велешани

Се објавува Заклучокот за не усвојување на Одлуката за подигање спомен обележје „Патека на знаменити велешани“ и утврдување имиња на личности кои ќе бидат испишани на Патеката на знаменити велешани, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 08.08.2008 година.

Број 08-3958/10
12.08.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 08.08.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за не усвојување на Одлука за подигање спомен обележје „Патека на знаменити велешани“ и утврдување имиња на личности кои ќе бидат испишани на Патеката на знаменити велешани

1. Советот на Општина Велес не ја усвои Одлуката за подигање спомен обележје „Патека на знаменити велешани“ и утврдување имиња на личности кои ќе бидат испишани на Патеката на знаменити велешани, поведена од Градоначалникот на Општина Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3944/10
08.08.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

126.

` Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за повлекување на точка од дневен ред

Се објавува Заклучокот за повлекување на точка од дневен ред – Одлука за подигање спомен обележје „Рекоа за Рацин“ и утврдување на текст „Рекоа за Рацин“ испишан во Младински парк, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 08.08.2008 година.

Број 08-3958/11
12.08.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 08.08.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за повлекување на точка од дневен ред

1. Одлуката за подигање спомен обележје „Рекоа за Рацин“ и утврдување содржина на текст „Рекоа за Рацин“ испишан во Младинскиот парк, беше повлечена на самата седница од страна на предлагачот.

2. Одлуката ќе биде поставена на дневен ред на некоја наредна седница.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3944/11
08.08.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

127.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за повлекување на точка од дневен ред

Се објавува Заклучокот за повлекување на точка од дневен ред – Решение за именување на претседател и членови на Одбор за подигање на спомен обележја, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 08.08.2008 година.

Број 08-3958/12
12.08.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 08.08.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за повлекување на точка од дневен ред

1. Решението за именување на претседател и членови на Одбор за подигање на спомен обележја, беше повлечено на самата седница од страна на предлагачот.

2. Решението ќе биде поставено на дневен ред на некоја наредна седница.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3944/12
08.08.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Бр на акт **Страница**

116	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за донесување на измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од централно градско подрачје-локалитет „А“-Велес** **О Д Л У К А за измена и дополнување на Одлуката за донесување на измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од централно градско подрачје-локалитет “А”- Велес**	235
117	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за утврдување на приоритет за рехабилитација и реконструкција на локални патишта на територијата на Општина Велес** **ОДЛУКА за утврдување на приоритет за рехабилитација и реконструкција на локални патишта на територијата на Општина Велес**	235
118	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за утврдување на приоритет за изготвување на проект-систем за водоснабдување во село Сливник и негова имплементација** **ОДЛУКА за утврдување на приоритет за изготвување на проект- систем за водоснабдување во село Сливник и негова импементација**	236
119	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за разрешување на претседател на Советот на Општина Велес** **Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на претседател на Советот на Општина Велес**	237
120	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за избор на претседател на Советот на Општина Велес** **Р Е Ш Е Н И Е за избор на претседател на Советот на Општина Велес**	238
121	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за разрешување и именување на претседател и членови на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања** **Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на претседател и членови на Комисија за мандатни прашања, избори и именувања**	238
122	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес** **Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес**	

Бр на акт **Страница**

123	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за разрешување и именување на членови на Одборот за контрола на материјалното и финансиско работење на ЈКП „Дервен“ Велес** **Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на членови на Одборот за контрола на материјалното и финансиско работење на ЈКП „Дервен“ Велес**	**239**
124	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за втори квартал 2008 година** **З А К Л У Ч О К за донесување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за втори квартал 2008 година**	**240**
125	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за не усвојување на Одлука за подигање спомен обележје „Патека на знаменити велешани“ и итврдување имиња на личноси кои ќе бидат испишани на Патеката на знаменити велешани** **З А К Л У Ч О К за не усвојување на Одлука за подигање спомен обележје „Патека на знаменити велешани“ и утврдување имиња на личности кои ќе бидат испишани на Патеката на знаменити велешани**	**241**
126	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за повлекување на точка од дневен ред** **З А К Л У Ч О К за повлекување на точка од дневен ред**	**241**
127	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за повлекување на точка од дневен ред** **З А К Л У Ч О К за повлекување на точка од дневен ред**	**242**

Издавач: Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00